Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел од дневни настани 21.04.2022

На 20.04.2022 во 18.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје – Единица за недозволена трговија го лишиле од слобода Ш.С.(29) од Скопје. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени кафеава прашкаста материја и дигитална вага. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена кривична пријава по член 215 од Кривичниот законик.

Денеска (21.04.2022) во 07.15 часот во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп – Одделение за недозволена трговија го лишиле од слобода А.Ш.(32) од Прилеп. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени кафеава прашкаста материја, бела грутеста материја и неколку таблетки. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.04.2022 во 07.00 часот во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода А.Ф.(39) од Прилеп. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка со остатоци од марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.04.2022 во 11.00 часот во Битола, полициски службеници од СВР Битола – Отсек за недозволена трговија со дрога и оружје го лишиле од слобода Б.П.(34) од Битола. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени еден пиштол „Црвена застава" калибар 9 мм. со една празна рамка, една шок бомба и предмети со остатоци од прашкаста материја. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.04.2022 во 23.00 часот во Прилеп, полициски службеници од Полициската станица Прилеп ја лишиле од слобода Т.Н.(33) од Струга, затоа што кај него биле пронајдени и одземени 12 шишиња со течност - метадон. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на изминатата недела, СВР Куманово продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На подрачјето на Куманово изречени се вкупно 142 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 83 санкции, 24 санкции за возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол, 11 за управување возило без возачка дозвола, 14 за пешаци кои не ги почитувале сообраќајните прописи, 6 санкции за мотоциклисти за неносење заштитен шлем и 2 санкции за возачи кои управуваат нерегистрирано возило.

На 20.04.2022 во периодот од 09.00 до 14.00 часот, при извршени сообраќајни контроли, полициските службеници од станицата за безбедност во патниот сообраќај Охрид затекнале и санкционирале 48 пешаци (Охрид-30, Струга-11, Кичево-06, Дебар-01), кои небезбедно преминале коловоз надвор од обележан пешачки премин.

На 20.04.2022 во 10.40 часот во Полициската станица Центар, А.А.(55) од Скопје пријавил дека на подрачјето на населба Аеродром бил каснат од куче скитник.

На 20.04.2022 во периодот од 09.00 до 14.00 часот на подрачје на СВР Струмица била спроведена контрола за откривање на прекршоците што ги прават пешаците во сообраќајот. Притоа, биле констатирани 16 прекршоци за преминување улица надвор од пешачки премин, од кои 9 во Струмица, 4 во Валандово и 3 во Гевгелија. За сите прекршоци биле изречени соодветни санкции.

На 20.04.2022 во 09.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, С.Л.(73) од с.Волково, скопско, пријавил дека на ул.„95" бил каснат од куче скитник.

На 20.04.2022 од 16.00 до 20.00 часот полициски службеници на СВР Тетово, спровеле акциска контрола на возила кои вршат јавен превоз, претежно автобуси, во која биле санкционирани 24 лица (ТЕ-15 и ГВ-9), кои во возилата не носеле заштита на лицето, односно кои постапиле спротивно на Законот за заштита на населението од заразни болести. На сите им се изготвени соодветни поднесоци и тие ќе се соочат со законски предвидените парични глоби.

На 20.04.2022 во 10.00 часот во Полициската станица Аеродром, В.Д.(56) од Скопје пријавил дека на подрачјето на населба Аеродром бил каснат од куче скитник.

Денеска (21.04..2022) во 08.30 часот во Пехчево, полициски службеници од ОВР Берово го лишиле од слобода С.А.(38) од Пехчево. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, повеќе исушени листови од растението канабис, дробилка, повеќе семки од растението канабис и повеќе стари монети со различна форма и големина. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (21.04.2022) во 06.20 часот полициски службеници од Полициска канцеларија Богданци го лишиле од слобода А.Г.(49) од Богданци. Тој се сомничи дека во 00.35 часот во казино во Богданци со закана кон вработената одзел пари од касата. При извршен претрес во неговиот дом врз основа на наредба од Основен суд Гевгелија биле пронајдени пари од извршеното дело во вкупен износ од 65.000 денари и други предмети поврзани со кривичното дело. Лицето е приведено и задржано во просториите на ОВР Гевгелија и во координација со Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Гевгелија во текот на денешниот ден против него ќе биде поднесена кривична пријава, поради сомнение за сторено кривично дело „разбојништво" по член 238 став 1 од Кривичниот законик, по што ќе биде изведен пред судија на претходна постапка.

На 20.04.2022 од страна на полициски службеници од Единицата за насилен криминал - Одделение за насилен криминал при СВР Скопје е лишен од слобода Р.Б., со живеалиште во село во охридско, поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „загрозување на сигурноста". Имено, поставувајќи по пријава од 14.04.2022, според која едно лице телефонски упатило закани по животот на амбасадорот во странска амбасада во земјава, беа преземени мерки и активности од страна на полициски службеници, при што е утврден идентитетот на лицето, тоа е најдено и приведено, а во координација со Јавен обвинител од ОЈО Скопје, на 21.04.2022 поднесена е кривична пријава за кривично дело по член 144 ст 3 од Кривичниот законик.

На 20.04.2022 околу 20.20 часот, на автопатот Гевгелија - Демир Капија, кај клучка Демир Капија, полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Богородица дале знак за запирање на патничко возило „мазда 6", со бугарски национални ознаки, но возилото не застанало и продолжило со движење. Набргу потоа, возилото било пронајдено и во него биле затекнати 8 лица мигранти (4 од Пакистан и 4 од Сирија). Возилото било одземено, а мигрантите биле пренесени во Транзитниот центар „Винојој" во Гевгелија за понатамошна постапка. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.04.2022 во 01.30 часот во казино на ул.„Никола Тесла" во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода М.Н.(41) од с.Долно Чарлија, општина Могила, затоа што физички нападнал полициски службеници кои извршувале службени дејствија, а претходно се однесувал агресивно и вознемирувал гости во казното. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.04.2022 во 23.00 часот во Полициската станица Аеродром, Ф.М.(19) од Скопје пријавил дека во угостителски објект на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од едно лице. По целосно расчистување и комплетирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Ј.М.(37) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". Тој, на 27.03.2022 околу 13.00 часот, откако завршил со чистење стрништа на нива во атарот на струшко, ја запалил собраната нискостебленста вегетација и предизвикал пожар кој се проширил и зафатил куќа сопственост на Д.К. од Охрид.

На 20.04.2022 во 18.51 часот во Полициската станица Кисела Вода, Б.А.(43) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Кисела Вода била физички нападната од И.В. од Штип. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 20.04.2022 во 19.00 часот во Полициската станица Карпош, И.Ѓ.(31) од Скопје пријавил дека на ул.„Козле" бил физички нападнат од Р.Т.(48) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против В.З.(22) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 04.02.2022 на ул.„Маршал Тито" во Тетово, полициски службеници извршиле контрола во патничко возило „мерцедес", управувано од пријавениот, при што било констатирано дека врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца.

На 20.04.2022 во 21.40 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, С.М.(44) од Скопје пријавил дека на ул.„Лука Геров" неговиот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против С.С.(43) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 18.04.2022, при контрола во патниот сообраќај извршена на ул.„8 Септември" во Дебар, полициските службеници го затекнале пријавениот при управување комбе „форд", со гостиварски регистарски ознаки, при што утврдиле дека врши јавен превоз на патници во внатрешниот сообраќај без да поседува соодветна лиценца за таква дејност издадена од надлежен државен орган.

На 20.04.2022 околу 18.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на ул.„Благоја Стевковски" едно лице со закана кон вработениот ги одзело парите од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.04.2022 во 18.15 часот во Полициската станица Центар, Ј.Р.(54) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Центар бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет